**20091573374**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 101 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009) и член 120 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 07/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница, одржана на 22.12.2009 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНИОТ ОБЕМ НА ТРГУВАЊЕ И НЕОПХОДНАТА КАДРОВСКА, ТЕХНИЧКА И ОРГАНИЗАЦИОНА ОСПОСОБЕНОСТ НА ДОМАШНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА КОИ МОЖАТ ДА БИДАТ ИЗБРАНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 138/2008), во член 7 став (2) зборот: „половина“ се заменува со зборот: „третина“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2309/4
22 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
на Управниот одбор,
**Анета Димовска**,с.р.